Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
СКОПЈЕ
Примено: 14-04-2021
Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност:
03-36/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 03-409/4
05.04. 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА
Примено: 12.04.2021
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
08-416/1

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 12 седница одржана на 24.02.2021 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Безбедност“, втор циклус на стручни студии (60 ЕКТС), на Факултет за безбедност - Скопје при Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола**

1. Се акредитира студиската програма „Безбедност“ , втор циклус на стручни (специјалистички) студии (60 ЕКТС), на Факултет за безбедност - Скопје при Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Специјалист по Безбедност/во меѓународен промет академски назив: Specialist in Security.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: 516 Безбедност, 515 Одбрана
Научно – истражувачка област: 51600 Општа криминалистичка теорија
51601 Криминалистичка методика, 51602 Природонаучна криминалистика, 51603 Криминологија 51605 Кривично процесно право, 51606 Криминалистичка медицина, 51607 Криминалистичка психологија, 51608 Полиција и човекови права , 51609 Основи на науката на полицијата , 51610 Друго, 51500 Полемологија, 51501 Дефендологија, 51502 Политички системи, 51503 Интегрална безбедност, 51504 Етиологија на загрозување, 51505 Цивилна одбрана, 51506 Управување и командување, 51507 Цивилна заштита, 51508 Мобилизациски системи, 51509 Планирање на одбрана и заштита, 51510 Воени доктрини , 51511 Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 30 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.